Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД
Бр. 0202 - 33 / 1
16.03.2026
СКОПЈЕ

Управниот одбор на Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје на седница одржана на ден 16.03.2026 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## Член 1

Се усвојуваат измените и дополнувањата на Посебни услови за осигурување од одговорност на сметководители бр.010/13-3 од 05.06.2013 година .

## Член 2

1. Во Членот 9 се додава нова реченица која гласи „*Договорувачот,осигуреникот,корисникот и секое трето лице е должно да поднесе барање за надомест на штета на начин и рокови дефинирани со овие услови .Доколку истото лице поведе судска постапка за надомест на штета без да поднесе вонсудско барање за надомест на штета, или поведе судска постапка пред истек на рокот определен за осигурувачот вонсудски да даде одговор на поднесеното барање, таквата тужба согласно овие услови ќе се смета за преуранета и неоснована, и трошоците за истата се на товар на тужителот.*"

2. Членот 15 се менува и гласи:

   „*Во случај на спор помеѓу Осигурувачот од една страна и Договорувачот, осигуреникот, корисникот и/или секое трето лице од друга страна надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.*"

3. Во членот 16 зборовите „*УНИКА АД Скопје*" се заменуваат со зборовите „*СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје*"

4. Членот 18 се менува и гласи:

   „*(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до 1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување ( комисија за постапување по претставки); 2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување; 3. Организацијата за заштита на потрошувачи и 4. Агенцијата за супервизија на осигурување. Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на претставката. Преставката може да се поднесе во писмена форма лично или преку полномошник, дирекно во архивата на Друштвото на адреса на седиштето, по пошта или електронски пат на маил адресата info@sigal.com.mk, или во било која подружница на Друштвото. Доколку спорот не решен во постапка по приговор ,секоја од страните во спорот може да и предложи на другата страна поведување на постапка за посредување согласно прописите кои ја уредуваат оваа постапка Друштвото води*

*регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува агенцијата за супервизија на осигурувањето. За сето она што не е регулирано со овие Општи услови, Законот за супервизија на осигурување и Законот за заштите на потрошувачите важат одредбите на Законот за облигациони односи. (2) Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето, член 107 и член 108, податоците за осигуреникот и полисата се доверливи."*

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на 01.04.2026 година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи, човечки ресурси и законска усогласеност, новите Услови да ги достават до Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа одлука,.

*Образложение:*

Друштвото за осигурување СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје, пристапува кон измена на постојните услови првенствено со цел за усогласување на новиот назив на Друштвото со текстот на самите услови за осигурување.
Дополнително, Друштвото пристапи и кон дополнување на условите во насока на дефинирање на обврската за пријава на штети и дефинирање на надлежен суд.

СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи

SIGAL Insurance Group
МК
Друштво за осигурување
СИГАЛ Иншуренс Груп АД Скопје
Генерална дирекција